***Bojana Naumovska, PhD***
Institute for Sociological, Political and Juridical Research,
University "Ss. Ciryl and Methodius" in Skopje
bojana@isppi.ukim.edu.mk

# THE GERMAN ELECTORAL MODEL IN RESPONSE TO THE MACEDONIAN POLITICAL CONTENT

# ГЕРМАНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ОДГОВОР НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

**Abstract**

Having regard the role of the electoral model on the political behavior of the citizens in a country, as well as the impact it has on the party system, this paper aims to offer a new electoral model that is most appropriate for the Macedonian political context.
Guided by the characteristics of the electoral systems, as well as their application in specific state systems, the research question of this paper will focus on determining the adequacy of the German electoral model in relation to the detected shortcomings of the existing Macedonian electoral model.
In order to answer the main research question, this paper, in addition to presenting the German election model, through the presentation and analysis of primary and secondary data will try to connect the detected shortcomings of the existing Macedonian model with the basic characteristics of the offered most appropriate model.

***Keywords:*** electoral systems, German electoral model, Macedonian electoral model, electoral behavior

## ВОВЕД

Каков ќе биде изборниот систем е од исклучително значење за секоја држава. Покрај тоа што со него се уредува начинот на кој граѓаните ќе го пренесат својот суверенитет, истиот влијае и на политичката структура во една држава. Македонската држава во повеќе наврати имаше искуство со промена на изборниот систем во насока на поголема вклученост на граѓаните во процесот на изборите, порамномерно претставување на етничките заедници, како и во насока на намалување на бројот на пропаднати гласови. Но, и покрај овие промени, после 20 години од воведувањето на пропорционалниот модел и вкупно 7 изборни циклуси организирани по истиот, доминира негативниот став на граѓаните во однос на целокупната политичка состојба во Македонија. Имајќи го во предвид степенот на политичката партиципација изразен преку процесот на гласање, незадоволството на граѓаните, како во однос на самиот начин на избор на пратеници, така и во однос на нивното застапување и претставување, но и во насока на рефлексијата која ја имаат изборните правила во однос на политичката структура, овој труд ќе има за цел да понуди нов изборен модел, кој треба да претставува најсоодветно решение. Во таа насока, главното истражувачко прашање на овој труд ќе се фокусира на утврдувањето на соодветноста на Германскиот изборен модел во однос на детектираните недостатоци на постојниот Македонски изборен модел.

Во насока на давање на одговор на главното истражувачко прашање, овој труд покрај тоа што ќе го прикаже Германскиот изборен модел, преку прикажување и анализа на примарни и секундарни податоци, ќе се обиде да ги поврзе детектираните недостатоци на постојниот модел со основните карактеристики на понудениот најсоодветен модел (Германскиот).

## ТЕОРЕТСКА РАМКА

Во поширока смисла на зборот изборниот систем опфаќа збир на правила и постапки кои се однесуваат на целината на изборниот процес, вклучувајќи го и изборното право на граѓаните, односно целосната изборна организација на системот. (Каракамишева, 2004) Што се однесува до потесното дефинирање на изборниот систем, тој го опфаќа процесот на претворање на изборните гласови во освоени мандати, низ законски регулирани техники и формули. Овие правила влијаат врз однесувањето на гласачите, но исто така влијае и дали тие ќе гласаат за личност или за партија.

Врз основа на изнесеното, изборните системи имаат двоен ефект, ефект врз избирачот и ефект врз партискиот систем, односно колку од постојните политички партии се здобиваат со статус на легислативни. Овие ефекти потребно е одделно да се разгледуваат бидејќи бројот на партиите не произлегува само од однесувањето на гласачите туку и од тоа како нивните гласови се трансформираат во пратенички места.

Партискиот систем, пак, претставува стабилен состав од политички партии, кои се натпреваруваат на избори. Системот се карактеризира со тоа колку партии постојат, за што се залагаат и кои се нивните сродни сили (Бејл, 2009).

Македонскиот изборен систем, онака како во моментот е поставен, и покрај тоа што е пропорционален, не обезбедува целосно пропорционална распределба на изразената волја на граѓаните, односно бројот на добиените гласови на партиите не кореспондира со распределбата на мандатите. Големиот број на изгубени гласови, како и различниот број на потребни гласови за да се стане пратеник, се директна последица на изборниот систем. Секако оваа состојба има негативен ефект и врз бројот на политички партии во Собранието, односно има негативен ефект врз присуството на помалите политички партии.

Како првичен индикатор за незадоволството на граѓаните, претставува степенот на политичката партиципација, која го подразбира секој начин со кој граѓаните го изразуваат својот став, со цел влијание врз процесот на креирање на политики на нивната влада (Hague, Harrop, 2007). Како главен процес на политичка партиципација претставува гласањето на изборите, иако се препознава и во помалку конвенционални форми како што се потпишувањето на петиции и учеството во протести. Политичката партиципација во македонскиот контекст може да претставува првичен индикатор за подлабок пристап кон разгледување на прашањето за (не)соодветноста на постојниот изборен модел и можностите кои истиот им ги остава на граѓаните за јасно изразување на нивниот став.

Во однос на граѓанскиот став како основ за промена на изборниот модел, во повеќе истражувања се истакнува нивното незадоволсто од начинот на кој пратениците ја извршуваат својата фунција (гледано од повеќе аспекти), како и незадоволство од застапувањето на интересите на граѓаните од страна на политичките партии. Овие примарни и секундарни податоци (кои ќе бидат прикажани понатаму) заедно со функциите кои граѓаните сметаат дека македонскиот изборен модел треба да ги остварува, а имајќи ги во предвид основните карактеристики на секој изборен систем, упатуваат на потребата од подетална анализа на персонализираниот пропорционален систем или уште познат како мешаниот изборен систем со пропорционален предзнак (mixed member proportional MMP system).

Системите за плуралност и пропорционална репрезентација обично се сметаат за алтернативи, но сепак се појави хибридна форма која ги комбинира двата. Овој мешан метод комбинира географска застапеност со партиска застапеност (Shugart and Wattenberg, 2000). Најпознатиот мешан систем, или попознат како мешаниот изборен систем со пропорционален предзнак (MMP), го задржува механизмот за постигнување севкупна пропорционалност и е навистина форма на пропорционален систем. (Hague, Harrop, 2007). Овој ситем се применува во Германија и Нов Зеланд.

## ГЕРМАНСИОТ МОДЕЛ

Германија е парламентарна демократија и федерација во која голема автономија им е отстапена на регионите/држави (ландери). Парламентот на Германија е дводомен:

долниот дом Бундестагот е резултат на гласовите на народот, а горниот Бундесрат е составен од 68 претставници на ландерите, поточно е составен од претставници на владите на шеснаесетте федерални републики. (Секоја делегација е составена од три до шест члена во зависност од големината на ландерот.)

Пратениците во Бундестагот се избираат според мешовитиот изборен систем со пропорционален предзнак, односно еден дел се избираат од партиските листи, а другиот дел од униноминалните изборни единици.

Како карактеристика на германсиот изборен систем е двојното гласачкото ливче (кое е поделено во два дела), на кое што од левата страна може да се даде првиот глас за конкретен кандидат од униноминалните изборни единици, а на десната страна - вториот глас, избирачите го даваат на една конкретна партија. Според мнозинскиот изборен систем мандати добиваат 299 претставници за кои се гласа во исто толку изборни единици, а истите се сметаат за избрани доколку освојат најголем број на гласови. Овие мандати уште се нарекуваат и „директни мандати". (Jesse, 1995)

Другата половина односно останатите 299 пратеници, во Бундестагот влегуваат преку партиските листи истакнати за секоја покраина одделно. За овие листи се дава вториот глас, на десната половина од избирачкото ливче.

Според соодносот на освоени втори гласови се определува бројот на пратенички места што ги добива една партија во парламентот. Од тие севкупни мандати, потоа се минусираат директните мандати освоени со првиот глас на избирачите. Само преостанатиот дел мандати се пополнува со кандидати од покраинските листи на партијата. Затоа, вториот глас решава колку многу ќе биде една партија застапена во парламентот. Доколку партијата освои повеќе окружни места од предвидениот соднос според партиските гласови, таа ги задржува дополнителните места и Бундестагот се проширува по големина (Kreuzer, 2004).

Како што може да се види и од табелата во прилог, без земањето во предвид на вториот глас, односно без внесувањето на пропорционалниот елемент, Бундестагот би бил целосно доминиран од страна на големите политички партии. Начинот како се распределуваат гласовите прикажан во колоната "C", ја обезбедува пропорционалноста на национално ниво.

**Табела 1:** Како мешаниот изборен систем со пропорционален предзнак функционира: Германските федерални избори, 2005

| | A Гласање за партиска листа (%) | B Број на освоени окружни места | C Број на доделени места од листата (да се приближи D поблиску до A) | D Освоени места во Бундестагот (%) |
|---|---|---|---|---|
| Христијанско демократска унија/ Христијанско социјална унија | 35.2 | 150 | 76 | 36.8 |
| Социјалдемократска партија | 34.2 | 145 | 77 | 36.1 |
| Слободна демократска партија | 9.8 | 0 | 61 | 9.9 |
| Партија на Левицата | 8.7 | 3 | 51 | 8.8 |
| Партија на Зелените | 8.1 | 1 | 50 | 8.3 |
| Останати | 4 | 0 | 0 | 0 |

Извор: (Hague, Harrop, 2007)

Поделеноста на гласачкото ливче, односно можноста од една страна да се гласа за личност, а од друга за партија, суштински влијае на поделбата (splitting) на гласовите. Учеството во поделбата на гласовите различно е за секоја партија. Оваа поделба на гласовите многу е помала кај големите партии одколку кај помалите.

Гласањето за личност во едномандатните изборни единици има за цел да обезбеди поблизок однос помеѓу гласачите и нивните претставници. Иако идејата на моделот е да обезбеди поголемо поврзување помеѓу гласачите и пратениците, во Германија, гласањето во едномандатните изборни единици во поголем дел се базира на гласање за одредена партија, отколку за гласање за одреден кандидат. Сепак овој елемент помага да се премости јазот помеѓу гласачите и пратениците кој вообичаено е голем кога станува збор за чисто пропорционален модел со затворени партиски листи.

Понатаму, системот со два гласа им овозможува на гласачите стратешки да ги поделат своите гласови помеѓу постоечките или можните коалициски партнери. Всушност, поделбата на гласовите е вообичаена меѓу поддржувачите на помалите партии. Со оглед на тоа што кандидатите на помалите партии имаат мали шанси да освојат пратеничко место според мнозинскиот модел, нивните поддржувачи често го даваат својот прв глас за кандидат за изборна единица од поголемата коалициона партија. Слично на тоа, поддржувачите на поголемите партии можат да го „насочат“ својот втор глас на помала партија од коалицијата, со цел да се осигурааат дека таа ќе го помине изборниот праг. Така, поделбата на гласовите стратешки се користи од гласачите за да го поддржат коалициониот партнер на „нивната“ партија или, барем, да ги наведат нивните коалициски преференции.

Иако за составот на Бундестагот решавачки е процентот на освоени гласови, од исклучително значење за помалите партии се останатите изборни правила. Според овие правиле, партиите стануваат дел од Бундестагот само доколку освојат минимум од 5% од вторите гласови, или пак доколку освојат минимум три мандати од едномандатните изборни единици.

Посебност за германскиот изборен систем се „вишокот места”. Во неколку избори, овие места ја зголемуваат големината на Бундестагот. Во 2005 година, на пример, во Бундестагот бројот на редовните 598 места беше зголемен на 614. Со други зборови, речиси 3 % од местата беа дополнителни. (Behnke, 2007) Покрај споменатите резултати во 2005 година, состојбите се различни после секој изборен циклус. Па така, при Сојузните избори од 1990 година, беа создадени шест места повеќе; во 1994 година, оваа бројка се зголеми до 16; во 1998 година, имаше 13, а во 2002 година 5. Оваа бројка се зголемува во следните изборни циклуси, па така во 2009-та изнесува 24, во 2013-та има 33 дополнителни мандати, во 2017 овој број се искачува на 111, а на последните избори во 2021 година изнесува рекордни 137 мандати.

Вишокот мандати можат да настанат од повеќе причини. Тие се појавуваат, пред сѐ, тогаш кога споделувањето на изборите во некоја сојузна покраина е помала од просекот на вкупното избирачко подрачје, или кога некоја партија ќе ги стекне своите мандати во изборните окрузи во целина со многу мала гласовна предност, додека другата партија ја постигнала својата победа во изборните окрузи со голем вишок на гласови. (Наумовска, 2011)

Според Германскиот изборен закон за вторите 299 места дистрибуирањето е според пропорционалната Харе-Niemeyer постапка, во две фази. Во првата фаза, местата се распределени помеѓу партиите. Во втората, местата на секоја партија се дистрибуираат помеѓу различните Регионални листи на самата партија. Втората фаза е особено важна во создавањето на вишок места. Ваквата пракса може да се промени доколку постои  Федеративна партиска листа, па така вишок места би се елиминирале. (Bolleyer, 2007)

Овој модел создава високо пропорционално претставување, што значи дека мнозинството речиси е невозможно да биде составено само од една партија. Всушност, во изминаните пет декади, владите биле најчесто коалициони и секоја промена на владата била најчесто како резултат на промената на составот на коалицијата.

Германските коалициони влади се најчесто стабилни и уживаат легитимитет кај електоратот. Главната контролна функција ја има опозицијата, која, исто така, е претставена преку голем број на пратеници. Односот помеѓу владата и опозицијата е најчесто консензуален и се базира повеќе на соработка отколку на конфронтација. Но сепак, ваквите релации повеќе се резултат на германската политичка култура отколку на самиот изборен систем и неговите ефекти.

## МАКЕДОНСКИ СОСТОЈБИ (АНАЛИЗА НА ПРИМАРНИ И СЕКУНДАРНИ ПОДАТОЦИ)

На изборите во 1990 и 1994 година процесот на избор на пратеници се спроведува согласно мнозинскиот изборен модел, а територијата е поделена на 120 изборни единици. Првата промена на изборната регулатива е направена за изборите во 1998 година кога се воведува комбинираниот модел, според кој 85 пратеника беа избирани според мнозинскиот, а 35 според пропорционалниот модел за што целата територија претставуваше една изборна единица. Дополнително, за пропорционалната листа беше воведена клаузула од 5%, односно за да една партија стане дел од Собранието требаше да освои минимум 5% од вкупниот број на избирачи кои гласале на изборите.

Последната поголема промена е направена за изборите во 2002 година, според која во Македонија изборите се организираат според пропорционалниот изборен модел во 6 изборни единици, а од секоја изборна единица се одбираат по 20 пратеници. Бидејќи излезноста во секоја изборна единица е различна, тоа влијае и на бројот на потребни гласови кои треба да се освојат за да се стане пратеник. Според податоците од последните избори, гледано во просек, за да се стане пратеник од четвртата изборна единица биле потребни околу 8.500 гласови (каде што има најголема излезност), додека да се стане пратеник од шестата изборна единица биле потребни околу 6.190 гласови (каде што има најмала излезност). Ваквата состојба на нееднакво вреднување на секој глас претставува еден од недостатоците на постојниот изборен модел.

Исто така, поделеноста на територијата на 6 изборни единици не овозможува во целост еднакво претставување на политичките партии во Собранието, односно иако на национално ниво одредена политичка партија може да освои повеќе гласови, поради распределеност на гласовите по изборни единици, на крајот може да добие несразмерен број на пратенички места (на поледните избори ова беше случај со гласовите на партијата Левица). Овој факт исто така се истакнува како недостаток на постојниот изборен процес.

Вака поставениот модел, покрај тоа што директно влијае на бројот на политички партии во Собранието, исто така има влијание врз однесувањето на граѓаните во процесот на гласањето.

Политичката партиципација на граѓаните, гледана од аспект на нивната вклученост во изборните процеси, претставува сам по себе индикатор за задоволството на граѓаните од политичките процеси. Според прикажаните податоци во Графикон 1 јасно може да се види излезноста на изборите. Од сите изборни циклуси организирани според пропорционалниот модел, на последните Парламентарни избори одржани во 2020 година забележана е најниска изборна излезност, па така, додека во претходните три изборни циклуси истата се движи над 60%, на последните избори е забележан најголем пад на 51,34%.

**Графикон** 1: Парламентарни избори 2002-2020 – изборна излезност




Покрај гласањето како процес, граѓаните јасно го изразуваат своето незадоволство од моменталната политичка состојба, што може да се види и од податоците кои ќе следат. Според податоците на Институтот за демократија од истражувањето на јавното мислење во 2021 година може да се види дека граѓаните сметаат дека во фокусот на пратениците воопшто не се интересите на народот, туку дека во нивното однесување пратениците најмногу се водат од партиските и личните интереси. Поконкретно, 76% од анкетираните сметаат дека пратениците секогаш ги застапуваат интересите на нивните политички партии, исто така 70% сметаат дека секогаш ги застапуваат своите лични интереси, а 57% сметаат дека секогаш застапуваат нечии бизнис интереси. На дното на скалата се интересите на граѓаните, за кои само 10% од анкетираните сметаат дека секогаш се застапувани од страна на пратениците. (Речица, Јовевска Ѓорѓевиќ, 2021). Од истото истражување произлегуваат и податоците дека 65% од испитаниците сметаат дека пратениците не се подготвени да носат одлуки во име на граѓаните, и податокот кој што е исклучително значаен за овој труд, околу 60% од испитаниците сметаат дека со промена на изборниот модел за избор на пратеници може да се придонесе кон поквалитетен состав во Собранието.

Според истражувањето на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања на тема Ставовите на граѓаните и политичките партии за промена на изборните правила, добиени се сознанија во иста насока, односно и од податоците добиено од ова истражување јасно се гледа незадоволството на граѓаните од политичките состојби, како и потребата од промена на изборниот модел.[1] Според презентираните податоци од ова истражување, во сите изборни единици и меѓу сите категории на граѓани, владее силен негативен став и разочараност од начинот на кој пратениците ја вршат својата функција на застапување на интересите на граѓаните. Најголем дел од нив сметаат дека пратениците во Собранието ги остваруваат своите лични и партиски интереси, добиваат прекумерни награди/надоместоци за нивниот ангажман, лојални се на партиските лидери и не ги остваруваат предизборните ветувања кои им ги даваат на граѓаните. (Наумовска, 2021)

[1] Истражувањето е направено во соработка со Националниот демократски институт (НДИ), а наодите беа презентирани на 9 Јуни 2021 годинина

Дополнително, како резултат на незадоволството од случувањата во политичкиот живот во континуитет гледано, ставот на испитаниците е дека се потребни промени на начинот на избор на пратеници, постои генерална поддршка за еднаквото вреднување на секој глас, оставањето поголем простор за малите политички партии и воведувањата на една изборна единица за парламентарни избори.

За потребите на овој труд, беше направена онлајн анкета со цел да се видат кои се приоритетите на граѓаните во однос на изборниот модел, односно кои карактеристики според нив се најбитни. Врз основа на издвоените приоритети понатаму би можел да се креира новиот изборен модел. Во оваа анкета учествоземаа 379 испитаници, а истата е спроведена во период ноември-декември 2021 година. На прашањето „Која би требало да биде целта на изборниот модел за избор на пратеници во Собранието", беа понудени повеќе одговори, а учесниците во анкетата можеа да одберат најмногу до 3. Според општата дистрибуција на одговори може да се види дека за граѓаните е најбитно изборниот модел да овозможи одговорност на пратениците пред граѓаните, но и да овозможи еднакво вреднување на секој глас на целата територија. Како трет приоритет се издвојува соодветното претставување на граѓаните од различните региони. Од понудените одговори за испитаниците најмалку приоритетни се соодветното претставување на различните етнички групи и обезбедувањето на стабилно владино мнозинство.

**Табела 2:** Која би требало да биде целта на изборниот модел за избор на пратеници во Собранието?

| Можни одговори | Честота |
|---|---|
| Да овозможи еднакво вреднување на секој глас на граѓаните на целата територија | 235 |
| Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни региони | 118 |
| Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни етнички заедници | 53 |
| Да овозможи одговорност на пратениците пред граѓаните | 243 |
| Да овозможи стабилно владино мнозинство | 67 |
| Друго----- | 6 |
| Не знам/ не можам да проценам | 23 |

Гледано од аспект на независните варијабли, не се забележуваат поголеми разлики особено кога станува збор за првите два истакнати приоритета, односно тие се приоритетни за секоја категорија, независно дали податоците се гледат од аспект на пол, возраст, степен на образование или етничка припадност. Единстено постои разлика во тоа кој е прв приоритет за одредена категорија. Па така, за жените прв приоритет претставува одговорноста на пратениците, а за мажите прв приоритет претставува еднаквото вреднување на секој глас (Табела 3).

**Табела 3**: Која би требало да биде целта на изборниот модел за избор на пратеници во Собранието/според полот

| Пол | Да овозможи еднакво вреднување на секој глас на граѓаните на целата територија | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни региони | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни етнички заедници | Да овозможи одговорност на пратениците пред граѓаните | Да овозможи стабилно владино мнозинство | Не знам/ не можам да проценам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 34,8% | 18,1% | 6,7% | 28,7% | 8,9% | 2,8% |
| Женски | 30% | 14,7% | 7,4% | 35,4% | 9,2% | 3,3% |

Од аспект на степенот на образование, за испитаниците со средно и високо образование, прв приоритет е одговорноста на пратениците, додека за испитаниците со магистерски и докторски студии прв приоритет претставува еднаквото вреднување на секој глас (Табела 4).

**Табела 4**: Која би требало да биде целта на изборниот модел за избор на пратеници во Собранието/според степенот на образование

| Степен на образование | Да овозможи еднакво вреднување на секој глас на граѓаните на целата територија | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни региони | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни етнички заедници | Да овозможи одговорност на пратениците пред граѓаните | Да овозможи стабилно владино мнозинство | Не знам/ не можам да проценам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Средно обр. | 30,9% | 11% | 7,4% | 36% | 8,8% | 5,9% |
| Високо обр. | 30% | 18,4% | 6,6% | 33,1% | 9,4% | 2,5% |
| М-р/Д-р | 34,3% | 15,9% | 7,6% | 31,4% | 8,7 | 2,2% |

Во однос на третиот приоритет единствено разлика се забележува од аспект на етничката припадност на испитаниците, односно кај етничките Албанци како трет при-

оритет се истакнува соодветното претставување на граѓаните од различните етнички заедници (Табела 5).[2]

**Табела 5**: Која би требало да биде целта на изборниот модел за избор на пратеници во Собранието/етничка припадност

| Етничка припдност | Да овозможи еднакво вреднување на секој глас на граѓаните на целата територија | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни региони | Да овозможи соодветно претставување на граѓаните од различни етнички заедници | Да овозможи одговорност на пратениците пред граѓаните | Да овозможи стабилно владино мнозинство | Не знам/ не можам да проценам |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 32,9% | 16.2% | 5% | 34,5% | 8,4% | 2,9% |
| Албанци | 23,7% | 14,5% | 19,7% | 26,3% | 11,8% | 3,9% |

Врз основа на презентираните податоци во овој дел, јасно може да се види незадоволството на граѓаните од политичките состојби, нивниот степен на политичка партиципација, како и незадоволството од нивните политички претставници во парламентот. Дополнително, изразената потреба од промена на изборниот модел, како и детектираните приоритети, претставува основа за градење на нов модел.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Изборниот модел го дава основот на политичкиот живот во една држава. Тој ги уредува правилата според кои изразената волја на граѓаните во изборниот процес се преточува во мандати и нивно претставување во законодавниот дом. Презентираниот Германски изборен модел, преку својата поставеност, покрај тоа што обезбедува пропорционален соднос на добиените гласови и освоените мандати, обезбедува и поврзување, односно одговорност на пратениците пред нивните гласачи. Ваквиот модел во себе ги вклучува позитивните карактеристики и на пропорционалниот и на мнозинскиот систем, со што води сметка и за пропорционалноста и за одговорноста пред гласачите.

[2] Бидејќи анкетата не е спроведена на репрезентативен примерок, етничките заедници не се соодветно застапени, односно анкетата ја имаат одговорено 84% Македонци, 10% Албанци и 6% од другите етнички заедници, од тие причини (заради малиот број на одговори од другите заедници) податоците за останатите не можат да бидат прикажани.

Како резултат на Македонскиот изборен модел во овој труд се истакнати двата директни недостатоци, нееднаквото вреднување на секој глас и несоодветното претставување на партиите во Собранието во однос на вкупно освоените гласови. Од друга стана, беа презентирани податоци во однос на незадоволството на граѓаните во однос на самите политички структури и однесувањето на пратеници, но и во насока на промена на постојниот изборен модел.

Од оригиналните податоци презентирани во трудот, јасно можат да се видат најбитните елементи кои треба да ги содржи новиот модел. Еднаквото вреднување на секој глас заедно со одговорноста која треба да ја имаат пратениците пред граѓаните и соодветното претставување на одредени региони во Собранието претставуваат приоритетите кои треба да бидат вткаени во нови идни законски решенија.

Имајќи го во предвид Германскиот модел и приоритетите кои беа истакнати, може да се каже дека овој модел во најголем дел е соодветен. Еднаквото вреднување на секој глас се обезбедува со пропорционалната листа на национално ниво, а можноста за дополнителни места во целост ја обезбедува таа пропорционалност. Од друга страна обезбедувањето на половина од пратениците според мнозинскиот принцип, обезбедува директно поврзување на пратениците со гласачите и нивна одговорност пред народот. Мнозинскиот принцип во најголем дел го обезбедува и третиот приоритет истакнат од анкетираните, а за да се обезбеди истиот во целост, би била потребна дополнителна клаузула која би гарантирала порамномерна застапеност и на пропорционалната листа од кандидати за пратеници од целата територија на Македонија (иако и овој принцип е застапен во Германскиот модел, сепак, заради различното уредување, мора да биде различно уредено).

Според изнесеното во овој труд а во насока на поставеното истражувачко прашање, во овој момент најсоодветен модел за Македонија е Германскиот, односно, 60 пратеници би станале дел од Собранието според мнозинскиот модел (во едномандатни изборни единици), а 60 (и повеќе) би се одбрале според пропорционалниот модел во зависност од бројот на освоени гласови за оваа листа (одредениот вкупен број на мандати кои ќе треба да го добие секоја партија минус освоените мандати според мнозинскиот принцип). Дополнително треба да се обезбеди регулатива која ќе гарантира рамномерна застапеност на сите региони на пропорционалната листа. Овој модел, со примарно пропорционална димензија, но и димензија на градење блискост со електоратот, во конкретниот општествен и политички контекс, претставува најсоодветно решение за Македонски избрен модел.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Behnke, J., (2007). *The Strange Phenomenon of Surplus Seats in the German Electoral System*, German Politics, Vol16 No4

Бејл, Т. (2009) Европска политика, компаративен вовед. Скопје: Академски печат

Bolleyer, N., (2007) *Small Parties: From Party Pledges to Government Policy*, West European Politics, Vol30 No1

Каракамишева, Т. (2004). Избори и изборни системи. Скопје: Култура

Kreuzer, M. (2004). Handbook of Electoral System Choice, *Germany: Partisan Engineering of Personalized Proportional Representation.* Basingstoke and New York: Palgrave Macmillan

Jesse, E. (1995). *The method of election the German Bundestag and its effect on the parties*, Representation, Vo.33 No1

Hague, R., & Harrop, M. (2007). *Comparative Government and Politics*. England: Palgrave Macmillan

Наумовска, Б. (2021) Ставовите на граѓаните и политичките партии за промена на изборните правила (презентација на истражувачки податоци), Скопје: 9.Јуни, Мериот Хотел

Наумовска, Б. (2011). Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија (докторска дисертација), Скопје: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Институт за социолошки и политичко правни истражувања

Shugart, M., Wattenberg, M. (2000). *Mixt-Member Electoral Systems: The Best of Both Worlds*. Oxford and New York: Oxford University Press

Речица, В., Јовевска, Ѓорѓевиќ, А. (2021) Поглед на Собранието: Резултати од теренска анкета за перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (17 Февруари- 10 Март 2021), Скопје: Институт за Демократија „Социетас цивилис“

https://https//idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/11/project-2.png.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/MKDWEB_A4_Terenska_anketa_mart_2021-2.pdf